Согласно чл.40 ст.1 од Законот за Урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр.32/20) и чл.22.точка.1 од Законот за локална самоуправа (Сл. Весник на РМ бр.5/02) ,Советот на Општина Лозово на седницата одржана на ден 24.12.2021 год донесе

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ЛОЗОВО
СОВЕТ НА ОПШТИНАТА
Примено: 29.12.2021
Орг. Един. 0801 | Број: 2341/1 | Прилог: | Вредност:

# *П Р О Г Р А М А*

## *За финансирање, изработка и донесување на : урбанистички планови, урбанистички планови за села, урбанистички планови вон населени места, Локални урбанистички плански документации и општи акти за села на територија на Општина Лозово за*

## *2022 година*

Архивски знак: 0801
Рок на чување: трајно год.
24.12. 2021 год.
Потпис

Според Законот за Урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр.32/20), Општината е надлежна да води постапка за изработка и донесување на урбанистички планови, урбанистички планови за села, урбанистички планиови вон населено место и Локани урбанистички плански документации а задолжително истите претходно да ги вгради во оваа програма.

Исто така локалната самоуправа е надлежна да предлага измени и дополни на веке донесените урбанистички планови во делови за кои таа смета дека се надлежни и за истите се потребни нови намени, нови парцелации и сл. согласно Законот за Урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр.32/20).

Од горе наведените причини и извршените консултации на партиципативното тело на Советот на Општина Лозово се предложени следните урбанистички планови, како приоритетни урбанистички планови во износ од 1 000 000 денари во тек на 2022 година :

1) **Изработка и донесување** на Урбанистички план за село Аџиматово со ревизија и изработка на ажурирана геодетска подлога.

2) **Довршување и донесување** на урбанистички план за село Лозово со површина од 120,74 Ха

3) **Довршување и донесување** урбанистичка план вон населено место-Викенд населба, за дел од КП 738/1 КО Каратманово Општина Лозово

4) **Изработка на Архитектонско урбанистички проект дел од блок 5 КП 2415 Б 3 големи угостителски единици од УПС за с.Лозово –** со површина од 0,50 Ха

5) **Измена и дополнаа на урбанистички план за дел од село Лозово блок 9 и 10- Општина Лозово (индустриска зона) –** со површина од 16,59 Ха .

6) **Измена и дополнаа на урбанистички план за дел од село Лозово блок 1 Општина Лозово –** со површина од 3,32 Ха .

7) **Изработка и донесување** на урбанистички планови, поднесени од заинтересирани правни и физички лица, како програма за приоритетна изработка на урбанистички планови донесена од страна на Општина Лозово.

8) **Изработка и донесување** на урбанистички проект вон опфат на урбанистички план, за туристичко рекреативни зони, во атарот на населени места : Кишино, Бекирлија и Ѓуземелци - Општина Лозово.

Со изработка и донесувањето и спроведување на овие урбанистички планови во континуитет би продолжил процесот на детално планирање на просторот во Општина Лозово.

Практично тоа би значело дека сите граѓани на Општина Лозово би имале можности да го планираат својот урбан развој како основа за севкупен развој со детално планиран простор и економски просперитет на Општината.

*Бр. 0801-2341/1*

*Лозово*

*Совет на Општина Лозово*

***Најстар член***
***Владе Миланов***

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА СОВЕТ НА ОПШТИНАТА ЛОЗОВО ОПШТИНА ЛОЗОВО

***Изготвил: Рак.за Одделение за урбанизам,***

***, Петре Левков дипл.***